**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Макеоднија одржана на 26 април 2002 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи очигледно немаме кворум за гласање, а за продолжување со расправата по некои точки немаме претставник од Владата, молам да одиме на пауза до 14,00 часот, тогаш ќе звониме да се собереме и да работиме.

(По паузата седницата продолжи во 14,15 часот).

Продолжуваме со работа.

Пратеникот Оломан Сулемани ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Продолжуваме со работа по точката 5 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за платниот промет, со Предлог на закон.

Предлогто за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за платниот промет.

Сега не можам да го дадам предлогот на гласање, бидејќи немаме услови што ги бара Уставот. Тоа ќе го сториме кога ќе се исполнат тие услови.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на Заводот за платен промет, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам , кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на Заводот за платен промет.

Не можеме да гласаме и овој пат. Ќе гласаме кога ќе можеме.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам , кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи.

Исто така не можеме да гласаме.

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесвуање на закон за изменвуање и дополнување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам , кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на

Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност.

И овој пат немаме можност да гласаме.

Господинот Анушев бара збор процедурално.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претседателе, Вие имате добар принцип околу 17-18 часот да прозивате кој е присутен. Меѓутоа, јас би Ве молал да прозивате и во 11 ,оо часот кога е закажана седницата, затоа што јас сум еден од 40-та пратеници кои редовно доаѓам во 11,оо часот и секогаш до 14-15,оо часот седиме по холовите во Собранието. Затоа Ве молам да прозивата и во 11 ,оо часот. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Блгодарам, добра сугестија.

Минувама на точката 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за презамање на акционерските друштва, со Предлог на закон.

Предлогот за донесувања на законот, со Прадлогот на законот и извештаите на работните тала на Собранието Ви се доставани односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам , кој бара збор? - Збор има г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Овој закон што денеска е пред нас во вид на Прадлог на закон за изменувања и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва, сите ние добро се сеќаваме дака основниот текст односно првиот текст на овој закон е донесен пред 2-3 месеци. Тогаш, во таа можност, пратеничката група на СДСМ во своите настапи бараше во таа, тогашна процедура законот да се носи во две фази, како предлог за донесување на закон и предлог на закон. Меѓутоа, како и обично, бидејки ние сме само 27 и нашите искажувања се подразбираат како опструкција на она што сака Владата да го работи, тоа е пракса во последнива три ипол години во Парламантот, а не како конструктивен приод кон изработка на еден законски текст што ќе бида компетентен во неговата примена. Така и тогаш тоа се случи да не се прифати, туку по една брза постапка се донесе тој закон, по брза постапка без дискусии во Парламентот. Инаку, даловнички постапка си беше така, пропишана со Деловникот.

Самото денешно гладање на овој закон т.е. поднесување на законот пред месец дана во Парламентот покажа дека ние тогаш сме биле во право затоа што закон донесен пред два месеци, наредниот месец, тоа е следниот месец се менува во неговите 11 членови. Значи, веднаш се потврди потребата да во таа фаза, тогашна, се расправаше по предлогот за донесување на закон за да се овозможи да се подобри тогашниот текст за да немаме сега вакви проблеми што ги има и тие проблеми што ги имаме во државата, веднаш наредниот месец, со измена на спомнатиот закон. Тоа што се случува не е прв пат, тоа е пракса во овој Парламент, така што околу тоа, толку.

Сега би говорел малку околу измените што се предлагаат.

Во членот 1 од законот кажува дека зборовите "и на хартии од вредност на акционерски друштва приватизирани над 51 %" се бришат.

Во основниот текст беше дека законот се применува во друштва што се приватизирани над 51%, во повеќе случаи кога е познат носителот на сопственоста. Така што тогаш ние дискутиравме во функција на заштита на малите акционери за да овозможиме по еден обратен пат по кој што се предлагаше да се преземат акционерските друштва, т.е. со изјаснување на малите акционери да се изврши понуда на нивните акции во пакет од 25% на берзата, со претходна добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност.

Но сега, со оваа измена што се предлага, со таква активност, т.е. со преземање на акционерски друштва за кои што Комисијата како тутор во оваа држава врз процесот на приватизацијата ќе даде виза или нема да даде виза, може да се стекне и пакетот на акциите. Бидејки се брише основниот граничен процент што во првата верзија, онаа пред 2-3 месеци го оневозможуваше дејствувањето по тој закон за друштва што се приватизирани под 51 %.

До крај се гледа намерата на власта да го изврши процесот на приватизација во РМ на начин што каков

што беше пракса во изминатиов период, мислам изминат период од овие 3 години.

Така, ценам дека она што се нуди во законот е допрецизирање на законот и согледвуање на нови моменти што оневозможуваат исполнување на целта што ја има позицијата пред себе и сега, со едни брзи измени, за да се овозможи да се исполни таа цел, што е позната на сите, на повеќе пратеници од овој состав е позната, да се направат овие измени што во основа, јас мислам дека се лоши и кои што лично нема да ги подржам во моето гласање понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва.

Немаме услови за гласање и нема да гласаме.

Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? - Има збор г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитувани господо пратеници, Денес треба да зборуваме за Предлог закон за издавање на обврзници за денационализација. Многу е зборувано и многу сме имале можности до сега да слушаме за една многу голема неправда која е направена во минатото и сега таа треба да се исправи. Тоа е добро. Само да не заборавиме, во оваа неправда опфатени се само Макеоднците од Вардарска Македонија. Додека Македонците од Егејскиот дел на Македонија на кои им се одземени многу имоти не се опфатени во оваа неправда. Нив имотите им се консфискувани и ние не бараме тие имоти да ни се вратат, туку да ни се вратат правата за да можеме само да се вратиме на своите имоти. И оваа држава која е задолжена да покрене постапка за враќање, или кој сака може да му се вратат, или да станеме сопственици на своите имоти, со прст не мрднала. Тоа го направила Бугарија, и имотите им се вратени. Тоа го прави Италија за своите граѓани се грижи и имотите во Словенија и во Хрватска се вратени.

Поради тоа сметам дека Владата треба да презвеме што побрзо итни чекори и Македонците од Егејскиот дел на Македонија да бидат исто вака обештетени со ваков закон. Не знаејќи какви опасности и неправди ќе донесе овој закон, добронамерните луѓе и слушатели на ова денешна расправа од се срце ќе го прифатат и ќе го поздрават овој закон. Затоа што не ја знаат задницата на оваа нечесна игра. Јас ќе се потрудам да ја објаснам, али пред да ја објаснам ќе ја цитирам причината поради која се предлага овој закон.

Во Закон од збор до збор стои: "Со донесвуањето на овој закон, за денационализација, конечно се отстрануваат последиците од неправдата нанесена на поранешните сопственици на кои имотите им беа присилно одземени", нагласувам присилно одземени.

На прв поглед, овој закон ги решава проблемите кои треба да се решат со закон, односно да се вратат имотите. Замислете си господо пратеници, каква Влада имаме, дури се грижи за своите граѓани кои беа обесправени пред 50 години. Значи пред 50 години се грижи. Тоа е добро да се грижи. Од кои, и тоа од едноумието. И би се добил впечаток дека покажана е невидена хуманост и за хуманоста секоја чест, ако е добро намерна.

Решение за обештетување од едноумието е најдено. Затоа сега јас поставувам прашање - како ќе го најдеме сега решението од безумието. Да ги обештетиме граѓаните на Македонија, на кои во безумието им се одземени фабриките, на сила им се одземени фабриките, избркани се од работа, им се одземени рудниците и избркани се од работа, им се одземени фирмите, избркани од работа, им се одземени и парите во штедилниците кои на ваков или на таков начин некои ги спечалиле дури и во странство и ги донеле во Македонија со цел да инвестираат или да помогнат. Или пензионерите, она што имале продале, или

кои се откажале за неколку плати да одат во пензија, да се вработат помлади, ги ставиле парите во штедилници но тие пари им се одземени. Прашувам, кој ќе ги обештети токму тие граѓани денеска кои немаат парче леб?

Да не бидам погрешно сфатен, сите оние за кои сега бараме обештетување, ако не друго, имаат многу повеќе од леб.

За жал, не е овде министерот, нему сакав да му се обратам, посебно сега ќе се обратам до пратениците.

Господо, зедовте преголеми права да си поигрувате со трпението на граѓаните на РМ. Затоа треба да дадете и одговор и решение како ќе ги обештетиме токму овие граѓани што ги напомнав, во безумието. Бидејки тие со сила, преку политичко и криминално пљачкосување се избркани од работа и им се одземени фирмите. Значи, мора да бараме и за нив решение.

Господата од ДПМНЕ, господо, станавте мајстори за правење на циркуси, паради и најразлични неправди. Дури, имате и такви способности, од една неправда да направите две неправди. Токму тоа овој закон го носи. Значи од една неправда сега правите две неправди. Бидејки министерот е многу дарежлив, се одлучи обештетувањето да се изврши со издавање на обврзници. Нагласувам, обврзници. Значи, сите оние кои ќе се обесштетат, ќе добијат обврзници како надомест за одземениот имот. Или, со други зборови ќе добијат кеш да се обесштетат обасправените граѓани од едноумието.

Никој нема право, а најмалку министерот за финансии да ги задолжува граѓаните на РМ, како и нивните деца, преку ненаменско празнење на Буџетот. Уштa ако *се* додаде дека државата ни е презадолжена, кој сето тоа ќе треба да го надохнади? Дури имавме можности да гледаме паради како се гушкаат и сликаат селектираните граѓани, ова го нагласувам селектираните. Јас не верувам дека сите граѓани во Македонија на кои им е одземен имотот присилно, дека ќе се обештетат и дека се влезени во нивните списоци.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:** (продолжение)

Дури имавме можност да го видиме дедо мраз, а кој за возврат им дели на селектираните граѓани пакетчиња и тоа најразлични хотелчиња, зградичиња, дукањчиња, за крај верувам ќе додели и некое фабриче. Затоа ве прашувам што ќе правиме со Пиварата, која е пред војната, во Скопје, ќе треба вие да кажате на кого ќе му ја дадете, Фабриката за масло, не го гледам овде директорот, од Титов Велес која е пред војната, да даде одговор како ќе ги обештетите, големиот број на тутунски комбинати во Македонија, тутуноберачите многу добро ја знаете, да не ви ја рецитирам сега, како ќе го платите тоа обештетување, а таа фабрика во Прилеп има преку 100 години и 100-годишнина славеше. Г-дине Михајлов вие ќе треба да кажете.

(реакција на некои пратнеици)

Велес, се извинувам на сите граѓани посебно на велешани што го употребив зборот Титов Велес и луѓето кои немаат за што да се фатат се фаќаат за збор. Фатете се за конкретни работи, за плачкосувањето, немојте за зборови да се фаќате.

Бидејќи зборуваме за денационализација ќе се потрудам колку што ме служи сеќавањето да кажам за еден мој случај кога јас бев очевидец. Во моето маало Генимале, поточно на ул. "Цветан Димов", мала богоја, така се викаше малата на Калиманци, која имаше една од најубавите куќи Генимале, ќе ја спомнам куќата само на Чекутка која можеби е отпеана и во песни, од мене е, каде што јас живеев малку помала, куќата им беше одземена на сила. Луѓето беа иселени од едноумието. Дури бевме принудени целата маала солзи да лееме и да им помогнеме да се иселат во зграда и ѓи преселувавме. Точно се сеќавам и на зградата која е блиску до киното Партизан во Битола, во самата близина на ул. Широк Сокак.

Прашувам дали г-динот Петрески, кој е сега фудбалер и син на тие што им е одземена ќе му се врати една од најубавите куќи. Инаку, играше центрахалф во Фудбалскиот клуб Работник во Битола. Прашувам дали и него ќе му се врати куќата или вршите селекции. Случајот ми е добро познат и сведок сум бидејќи и јас леев солзи и јас помагав како дете да се пренесат и преселат присилно во станбена зграда.

Г-да, ние сакаме да се прикажете како многу дарежливи спрема своите селектирани и верни гласачи, а спрема непослушните, а такви верувам дека ги има, ги имате на список и туѓата власт, која ја сметате секоја друга власт што ќе дојде дека е туѓа и ќе треба да и оставите на туѓата власт што поголеми долгови. И на овој начин сакате на оние што ќе дојдат на власт да ги задолжите токму со тие обврзници што сакате да ги дадете. Тешко

дека ќе дојдете на власт, тој филм нема да го гледате повеќе, народот *ќе* ви врати со камата. Само не заборавете г-да дека вие ветувавте пред изборите, односно тогаш бев и јас со вас дека ќе работиме ... - (смеење на некои пратеници)

Немојте да се смеете, бев ама се разочарав како се работи и како работите. Не е ништо смешно, дека ќе работиме чесно и домаќински и дека ќе бидеме еднакви за сите. Но, можеби министерот тогаш не беше член на ВМРО-ДПМНЕ, или можеби не ветуваше па затоа и со капа и со грст и со се дава, широко ги отвори вратите на дај што даш на тие свои послушни гласачи.

Поради наведените причини како пратеник јас Вангел Симев од Македонско - ВМРО, бидејќи има и други, барам од министерот за финансии да ми даде прецизна пресметка колкав износ на обврзници ќе издвои токму неговата Влада за овој закон кон поранешните сопственици, на кои им ги враќаат имотите. Дури Господ неможе да врати некогаш некои работи, кој има толку голема сила и моќ и си зема за право да врати.

Не сум против законот, но да не се врши селективно. Само да не заборавиме, сето тоа ќе падне на товар на Буџетот и сите ние ќе треба да го палтиме. Зошто ова го велам? Да ве потсетам вчера што се случуваше. На самата седница кога требаше да се донесе законот кој го одложивте за точка 19, за стечајциte, затоа што сакавте да добиете чиста сметка. Значи, Владата сака да ја види чистата сметка колку ќе јачини. Г-до зошто за овој закон не одложивте и зошто толку ви се брза, зошто не кажете точно со бројки колку ќе чини овој закон за да можеме ние со чиста совест да гласаме а не да ги задолжуваме ние нашите деца и нашите внучиња. Со мижење не сакам ништо ни да видам ни да гласам, каде што нема чиста сметка. Од тие причини сакам да нагласаме дека работите неодговорно.

Без наведените пресметки и без обештетување на сегашните граѓани, не само оние пред 50 години, и сегашните кои ги испокрадовте и испобркавте на улица, кои присилно ги избркавте од своите фирми, тие беа нивни фирми, тие ги градеа. Јас се сеќавам за "Алумина", еден мој пријател ми кажа 20 работници напраивја гигант и сега вие го уништивте тој гигант и избркавте од работа. И тие граѓани, исти ... - (реакција на пратениците)

Па, иcтисте како нив. Тие се казнети токму од народот затоа што така правеа. Удрија темели на најлоша приватизација. Тоа е точно и тоа на нив им го кажав. Тие се казнети, а вие продолжувате и уште пожестоко работите и многу пожестоко ги покрадувате луѓето и ги приватизирате нивните фирми на вашата фирма. Барам, тие не приватизираат на СДСМ, вие приватизирате на ВМРО-ДПМНЕ, што законски е неизводливо и работите против законот.

Поради сето ова што го кажав ние како партија ВМРО - Македонска ќе бидеме принудени да гласаме против овој Закон, токму против обештетувањето необјективно и селектирано каде што не се опфатени и граѓаните што сега се на улица, што немаат парче леб да јадат. Г-динот министер штета што не е тука, на него сакав да се обратам посебно и затоа ќе го прашам заменикот дали има поголема неправда спрема своите граѓани од незаконски одземените штедни влогови кои луѓето ги штеделе со години а вие им ги зедовте и не ги обештетувате. Сигурно ќе кажете дека СДСМ се тие кои ги испокрадоа. Г-да, нема да ги залажувате сега и од ТАТ и од другите штедилници дека ќе дадете една рата. Ќе донесете овде закон со кој закон исто така ќе се обидеме да најдеме форма како тие граѓани ќе се обештетат. Да не се додворуваме пред самите избори. Кажете тогаш каде ќе ја бараме правдата сите оние граѓани кои се најдоа на улица поради X недостатоци на работата на оваа и на претходните влади, и во едноумието, и во безумието, како ќе ги обештетиме ако не влезат во еден ист кош со ист закон, и за нив ќе носиме посебен закон. Или пак сметате мандатот ви завршува, дајте што ќе дадеме сега, ќе ги залажеме една група на граѓани, а другите нека чекаат, ако дојде ме на власт, тогаш и другите ќе ги обештетиме. Ако мислите така многу се залажувате.

На крај сакам да ја завршам мојата мисла и дискусија со една мисла - некои министри, меѓу кои и заменикот сега, а се однесува посебно и за министерот, можат да предлагаат какви сакаат закони, дури не прифаќаат и она што може да придонесе, како што беше вчера законот за спорт, не сакаат да прифатат некои предлози со цел да се подобри тој Закон. Значи може да предлагаат какви сакаат закони не затоа што од ништо не се плашат, туку затоа што ништо не знаат или од ништо не се ни срамат и немаат за жал никаква одговорност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата почитувани колеги пратеници, Немав намера да дискутирам по овој закон, меѓутоа по излагањето на г-динот Вангел Симев осеќам потреба да продискутирам малку, затоа што во дискусијата на г-динот Симев се најдов во еден сегмент погоден како привилигиран и како човек на кој му се вратени хотелчиња и тн. Сакам да го разубедам г-динот Вангел Симев дека ниту бев привелегиран јас кога го добивав назад она што беше одеземено 1948 година, ниту бев сам наследник, туку дека сето тоа беше направено во една легална законска постапка со сите оние работи кои што требаше да бидат законски направени. Законот е донесен 2000-та година и тоа на почетокот, а имотот ми се врати дури во март 2002 година. Мораше да помине низ сите филтри во сите министерства онаму каде што требаше да биде направено се она што законски требаше да си биде направено. Така да немаше никаква привилегија во тој сегмент и јас незнам од каде му на г-динот Симев такви податоци дека некој привилегирано ги добивал оние имоти што биле одземени. Јас би го прашал сега дали може да ми каже како им било на тие луѓе кога им го одземале имотот. Која била таа постапка и што тој всушност сакаше да каже на говорницата, што тој всушност брани.

Очигледно е дека со такви луѓе кои што неможат да погледаат наназад да видат што се случувало нема иднина за оваа држава. Ако не се расчистат работите кои што во минатото се случувале, посебно за оние 1000-дници семејства, не зборувам само за нашата фамилија, зборувам за илјадиници семејства на кои што на еден или на друг начин им бил одземен имотот и на начин кој што бил фактички непримерен без можност да ги уживаат благодетите во имотот кој со труд го стекнувале, замислите сега една ваква дискусија, како што се води тука и со која што се кажува дека ова што сега се прави е катастрофа, што се обесштетуваат оние на кои што нешто им било одземено.

Јас можам да ви кажам дека 1948 година кога на моите им бил одземен имотот, не им бил одземен заради тоа што биле воени профитери или воени богаташи, има докази, има многубројни документи кои укажуваат како растел имотот, како се зголемувал, по кој основ, како всушност приватната иницијатива немала граници и како таа приватна иницијатива носела прогрес и напредок. За сето тоа има документи и до колку г-динот Симев сака да ги види го поканувам да ги види, со аргументи и факти. Меѓутоа, очигледно е кога некој ќе застрани по одредени прашања и кога воопшто нема идеја како понатаму ќе излезе на оваа говорница и ќе ја искористи во наводно политички маркетинг за да се прикаже како единствен борец за правата во РМ.

Не сакам да коментирам, некој ми рече дека е како Робин Худ не сакам тоа да го коментирам но би кажал нешто посебно друго.

Законот што сега го носиме всушност покрај оној сегмент кој што беше кажан дека секој оној имот што постои треба да им се врати на оние кои со него раководеле и управувале до моментот на нивното одземање, а се она што не постои, се она што е одземено и што сега е од било која причина невозможно да се врати потребно е да се направи ако ништо повеќе барем едно минимално внимание према поранешните сопственици, да им се надомести одземениот имот, иако не постои цена која што може било која влада или држава да ја даде за така одземениот имот. Знаете зошто? Не само заради материјалната страна, туку за нешто многу поважно, а тоа е начинот на кој што бил одземен и начинот на кој што по тој основ многу семејства, илјадници останале без можност за понатамошна егзистенција. На тој начин фактички се исправа колку толку една неправда направена во далечните минати години на едноумие, на систем во кој што очигледно поединци повторно се спремаат. Тој систем кој што немаше никакви вредности се покажа дека всушност неможе да носи напредок во една држава и затоа од корен треба да се промени. Очигледно дека г-динот Вангел Симев нема смисол и нема ориентација во простор каде всушност се наоѓа тој во ова време. Очигледно заборава дека иднината не лежи во комунизмот, иднината лежи во приватната сопственост.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Вангел Симев бара збор за реплика.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитувани г-до пратеници не сум го видел досега толку жесток да биде и толку агресивно да настапува многу мирниот Спанаќов. Кој си ја има мувата на капата тој си вика иш. Тоа е стара поговорка и проверена во праксата и има голема вистина. Јас ќе кажам податоци и вистини.

Јас не ве спомнав, вие самите се спомнавте, но можам да се присетам од тоа што гледав телевизија кога вив излеговте. Само гласот ви го препознав и потоа се свртев, ве видов вас меѓу оние обесштетените. Зошто вие да бидете тие меѓу првите, а да не чекате како што чекаат другите граѓани на кои што им се одземени многу имоти, па да решаваат некои други влади, а вие токму меѓу првите. Г-дине Спанаќов да ви кажам зошто?

Вие сте тие, не јас да го кажам, тоа го кажа вашиот претседател, г-динот Тупурковски. Замислете си таткото на вашата партија го кажа дека вие сте тие предавниците. Вие сте тие што дозволивте оваа Влада да остане. Вие сте тие кои гласавте, кои ја растуривте партијата затоа што сте купени и да ви се вратат имотите. Не реков купени со друг туку меѓу првите. Не велам дека тој имот не е ваш, на вашата фамилија туку битно е да ти се врати тој имот. Ова не го велам само јас, не го вели само вашиот претседател, имавме можност и многу новинари тоа го кажаа, а за војла на вистината целата Македонска јавност тоа многу добро го знае, зошто оваа Влада не падна? Затоа што се извршија купопродажни, се извршија разместувања. Токму тие гласови одлучија да остане и Владата, а вие за возврат да бидете наградени со хотелчиња, а луѓето од Тетово се избркани од своите домови и спијат во студенски домови, надвор. Ништо не преземате, се смеете. Да имавте малку чувство и одговорност хотелот ќе им го дадевте и мило ќе ви биде сега да кажете го отстапувам хотелот токму на тие граѓани кои се избркани од своите домови. Тогаш ќе ве ценат и ќе кажам дека сте хумани, дека имате нешто наследено од вашите родители кои чесно си го заработија хотелот, кој сега вие го наследувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам кога се обраќате овде и кога е во прашање однос кон ваш колега, малку да покажеме почит меѓу себе, со што даваме пример и другите луѓе треба да се почитуваат, да не бидеме барем од просекот полоши.

За реплика се јави г-дин Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Морам г-идне претседателе, да му реплицирам на г-динот Вангел Симев, на кого очигледно некој му изградил некој чип. Очигледно е дека нешто не е во ред со човекот. Несакам да коментирам многу, само би кажал следново. Сите тие обвинувања, кои г-динот Вангел Симев ги кажува се воопшто неточни и недржат. Но, добро, околу тоа несакам да коментирам. До колку смета дека имало такви работи, нека поднесе тужба, па ќе ги докажуваме сите работи. Или, во спротивно, бидејќи застанат од говорницата неможам јас да го тужам, затоа што на говорница може се да каже, без никаква одговорност. Затоа, тој го користи тоа право . Меѓутоа, нивото му е, сигурно не ми дозволува на таков начин да дискутирам со г-динот Вангел Симев.

Јас повторно ќе му повторам за негова вистина, за негови сознанија, зошто сум ја подржал оваа Влада и како сум ја подржал оваа Влада очигледно ќе покаже времето, кога сите оние работи што беа направени во позитивна смисла на зборот во трансформација на еден систем во кој што владееше бескрупулозно одземање на имоти, безкрупулозно уништуваве на човечки животи, газење по се она што вредеше во оваа држава, го заменувавме со еден систем на човечки вредности. Сето тоа што некогаш било возможно да се прави, денеска мислам дека е невозможно да се прави. Замената на еден систем во кој што ништо немаш таква вредност и важност, систем во кој што се поставуваат норми на вредности, мислам дека е голема работа. И, ако тоа некому не му е јасно, нека се потруди во иднина барем да си го дообјасни и да си го доразјасни.

Затоа, немам намера повеќе да реплицирам со г-динот Симев, колку и да сака да му реплицирам, само *ќе* му укажам уште на тоа дека не сум прв на кој што имотот му е вратен, не сум единствен наследник и тоа воопшто не ме загрижува. Сакам да му укажам само една работа дека тоа е направено во нормална процедура, во процедура во која што немаше никакви привилегии. Се она што си оди по словото на законот, она како закон што ние во Собранието во РМ го донесовме, сето тоа беше направено по нормален тек. Воопшто не сум бил ниту привилегиран, ниту пак сум имал намера во тој сегмент да бидам привилегиран. А, за она што јас го бранев како мое политичко видување или како видување за иднината, за тоа можеме да дискутираме. Благодарам на вниманието и нема потреба да му реплицирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Вангел Симев се јавува повторно.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван г-дине Спанаќов, да ве потсетам на зборовите што ги

искажавте, а македонската јавност нека пресуди, посебно битолчани ќе пресудат, бидејќи многу добро постарите знаат на кој што се им е одземено и дали ќе им се врати и кога ќе им се врати. Вие рековте дека не ви е нивото, не ви дозволува вашето ниво да коментирате со мене. Така кажавте. А, замислете си што кажавте. Прво, тоа не ви е ниво. Не е во ред со човекот. Па, тоа ли е вашето ниво? Вие ќе зборувате за ниво, јас не зборувам за ниво, не реков ни колку сте паметен. Јас реков за една злоупотреба, за една неправда што се прави во Македонија. Од една неправда се прават две неправди. Да ви одговорам уште на едно прашаше што го спомнавте. Поминуваме од еден во друг систем, тоа е во ред. Јас сум првиот за пазарна економија и правна држава. Но, не ја спроведовте, на која падна и СДСМ. Ако тоа го направевте, ќе ви честитав. Јас сум првиот за приватизација, но на чесни и правни основи. Овој систем е добар, знаете за кој, за вас и некој како вас. 2% од граѓаните во Македонија, 98% од граѓаните во Македонија едвај преживуваат, а некои по контеењерите буричка за да се прехрани, г-дине Спанаќов. Затоа, овој систем не би рекол дека е добар. Претходниот систем каков таков некаде 90% можевме да се прехраниме. А, јас многу повеќе овој систем го сакав од вас да дојде и што побрзо. За тоа бидете сигурни. Но, сакам моите граѓани да не ги бркате од Македонија интелектуалците да бегаат и да бараат парче леб, туку да останат во Македонија и овде да творат. А, не само уличарите да ги вработувате. Јас сум дел од власта, но неможам сам, гледате се борам колку што можам. За тоа народот ќе процени кој колку прави. - Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Даневски Слободан.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и г-да пратеници, Сигурно дека овој закон многумина граѓани го чекаа многу години наназад и еве се смогнаа сили да се донесе и дел да почне да се враќа. Малку ме збуни излагањето на мојот колега г-дин Симев, бидејќи неможам да го разберам, дали ја оправдува постапката за носење на законот за денационализација, дали треба да го донесеме или нетреба да го донесеме, некако беше толку конфузен, тоа му доаѓа како сакам да кажам, а незнам што да кажам. Имено, за што станува збор. Уште во 1994 год, беше покрената иницијатива за носење на овој законски проект кога тогаш министер беше г-динот Јане Миљоски. Многу се дискутираше и се даваа многу предлози и тогаш парламентарното мнозинство на СДСМ не најде сила да се донесе законот. Затоа што, ценеа дека не е моментот и ќе ги цитирам зборовите на почитуваниот министер Јане Миљовски, кој кажа дека државата ќе се претвори во една судница и целата држава ќе ја претвориме во еден процес, така што работите толку ќе се испомешаат, ќе се блокира целиот систем на функционирање на државата Македонија. Имено, што се случи? Се најде сила и оваа Влада го донесе овој Закон. Ова што г-динот Симев реагира, дали е правилно извршено или неправилно, за тоа неможам да оценувам, а она што сака да прави маркетинг во Битола за некој поединец, сигурно дека има многу поединци кои чекаат ред, заради недокомплетирани документи. Постапката е отворена и ова дали треба со обврзници или нетреба и колку ќе чини и сигурно дека кога доаѓа како предлог од Владата, Владата сигурно има изградено критериуми, сигурно има направено анализа колку ќе ја чини државата, враќањето на имотите односно ставање во функција овој закон за денационализација. Направена е една исправка на онаа историска неправда. Нема ниедна пара, нема ни едно богатство ако на човекот со сила нешто му е земено, да,му се врати. Не постои ништо она што во 1948 год, на свиреп начин, во времето на едноумието се земани и осудувани луѓето. Прогласувани се за воени профитери, болшевици и незнам уште какви не етикети, водени по улиците, етикетирани, закачувани на срамот на столбот во сите градови и општини, протерувани од државата, носени на Голи Оток, затворани, репресирани. Нема таа пара и овие генерации што ќе ги добијат, со ова се прави една историска правда, затоа што да се живи сите тие од 1948 год, инаку, многу од нив се починати и не го дочекаа овој ден, нивната сатисфакција беше духовна да види дека постои правна држава, дека постои правда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има краток спој во системот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Мојата мисла беше дека не постои начин и ова враќање на дел од имотите на внуците и правнуците да се живи на оние на кои им е одземено, на нив доволна ќе им беше една духовна сатисфакција. Доволно ќе им беше само да им се кажеше дека правдата, иако доцни со 50-тина и повеќе години доаѓа и профункционира правдата.

Мене конфузното излагање на г-динот Симев, ме чуди и незнам со тоа што сакаше да каже. Сакаше да каже дека е

направена неправда за тоа што им се враќа на дел од граѓаните. Или, не беше јасен, или се прави селекција. Сигурно е дека нема селекција, затоа што отворено можам да кажам за она што е национализирано во мојата општина. Вратени се дел од имотите, сега доага постапката каде што се спои дел на документи. Катастарски парцели, а најголем проблем е имотно правната работа. Луѓето се во постапка, затоа што секој треба

односно не ја знае постапката и дел кога требаше да оди во јавноста, мала беше транспарентноста, затоа што дел од граѓаните треба да ја тужат државата, за да го добијат спорот. Иако се направија напори, добар дел на оние кои се задолжени да работат во комисија, ги стопираа дел од актите и постапката. Од незнам кои причини, но сигурно не од причини дека министерот наредил да се кочи процесот. Ако се даде виза да се враќаат национализираните имоти, сигурно дека нема некој што би ја кочел постапката. И, со ова не се сложуваме со г-динот Симов и немора да се сложуваме. Не сум јас еден од тие што има да му се враќа, ниту приоритет, ниту други работи.

Ова што го носиме сега треба да се подржи со консензус, затоа што е направена една исправка на историјата, а некој што сака да ловат пак во матно, кој најавуваат дека ќе вршат нова национализација, а во тие е и г-динот Симев, мислам дека ја погрешил темата и жално е што дискутираше на оваа тема.

Во секој случај ќе го подржам законот и апелирам до Министерството за финансии и до сите комисии да ја забрзаат работата за враќање на скоро сите имоти, на оние кои се дадени во постапка во дадената процедура. - Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г.Симев Вангел.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и г-да пратеници, Г-дине Даневски да игравте чесна игра ова што го кажавте ќе имавме и дообјаснување и расчистување. Ќе ви кажам зошто играте нечесна игра. Вие предложивте, да ви го прочитам предлог законот, за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со предлог на закон. Вие тој го предложивте, а тој закон баравте точно со бројки да се каже. Вие од оваа говорница искажавте, точно барате бројки, за да видите колку ќе ја чини државата. Токму тоа г-дине Даневски, само разликата е таа што јас не играм дволична улога. Јас истото го барам тоа што и вие го барате. Не сум против овој закон. Значи барам, обврзниците што треба да ги издаде оваа Влада колку ќе чинат. Колку ќе чинат да знаеме, дали сите пари да ни ги даде оваа држава. Колку, да знаеме, а не на слепо да играме. Од кога ќе знам колку пари ќе се дадат и каде ќе се дадат, јас со најголема одговорност и чиста совест ќе гласам. Бидејќи, вака, незнам колку чинат обврзниците, затоа го прочитав законот, затоа што таму ништо не кажува ни колку ќе чинат, ни кои пари, ниту од каде пари, ништо. А, дали јас ја оправдувам постапката. Јас ја.оправдувам постапката, само да не биде селективна.

Потоа, ме прашавте дали ќе се врши можеби сум за нова национализација односно за денационализација. Да, сум, се што испокрадовте се да се врати. Сум, ако можеше таа Влада што крадеше во минатото, едноумието како ја нарекувате, оваа во безумието што испокраде, зошто да нема денационализација друга и да не се врати.-Сум, јасно кажувам дека сум за нова денационализација. Сите што зедоа од народот да им се врати на народот. Е, тогаш ќе ве оправдам. Да знаете, првиот сум за таква денационализација и ги поздравувам сите граѓани на Македонија кои се за чесна и демократска денационализација.

Тоа што спомнавте дека постои правна држава е тука многу се лажете, а тоа нагласете го. Јас тврдам дека во Македонија не постои правна држава, а најмалку правото дека е застапено, во спротивно немаше луѓето да штрајкуваат, ниту толку луѓе да се најдат на улица и на сила да им се одземат фабриките и да се избркаат сега на улица, како и да се земаат безброј дуќанчиња а некоу и по пет дуќани. - Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Системот на раководење овде има проблеми.

Предлагам половина час пауза за да се средат.